**МИСЛЕЊЕ**
**за финансиските извештаи и извештајот на независните ревизори на Триглав Осигурување АД, Скопје за годината што завршува на 31 декември 2020 година**

Неизвршните членови на Одборот на директори на Триглав Осигурување АД, Скопје извршија контрола на точноста на финансиските извештаи и на извештајот на независните ревизори на Триглав Осигурување АД, Скопје за деловната 2020 година и го дадоа следното мислење:

1. **Мислење за финансискиот извештај на Триглав Осигурување АД, Скопје за деловната 2020 година**

Финансискиот извештај на Триглав Осигурување АД, Скопје е претставен на начин што дава целосна и јасна слика и информации за деловните активности на Друштвото реализирани во текот на 2020 година. Раководството на Триглав Осигурување АД, Скопје, одговорно и недвосмислено ги презентираше сите потребни информации за објективно финансиско известување, а финансиските извештаи не содржат погрешни информации од материјално значење, настанати како резултат на измама или грешка. Финансискиот извештај ги содржи сите потребни анализи и компоненти според одредени деловни и финансиски активности и е систематизиран во согласност со барањата на Законот за супервизија на осигурување и Законот за трговските друштва на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид горенаведеното, по извршената контрола, мислењето на неизвршните членови на Одборот на директори е дека финансиските извештаи објективно ја претставуваат работата на друштвото Триглав Осигурување АД, Скопје во деловната 2020 година.

2. **Мислење за извештајот на независните ревизори на Триглав Осигурување АД, Скопје за деловната 2020 година**

Друштвото за ревизија Делоит ДОО Скопје изврши ревизија на финансиските извештаи на Триглав Осигурување АД, Скопје за годината што завршува на 31 декември 2020 година. Ревизијата на финансиските извештаи на Триглав Осигурување АД, Скопје беше планирана и е спроведена во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија и Етичкиот кодекс кои што ревизорите треба да ги почитуваат. За време на ревизијата, ревизорите, во согласност со проценетиот ризик од материјално погрешно претставување на финансиските извештаи, вклучија соодветни постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и објавување во финансиските извештаи.

Неизвршните членови на Одборот на директори ги прегледаа и контролираа дополнителните финансиски извештаи и извештајот на независните ревизори на Триглав Осигурување АД, Скопје за деловната 2020 година.

- Неизвршните членови на Одборот на директори се целосно запознати со дадените препораки на независниот ревизор за работата на Друштвото во деловната 2020 година, како и со одговорите на препораките на раководството на Друштвото и сметаат дека тие се насочени кон преземање на сите потребни активности за отстранување на недостатоците.